Врз основа на член 9, став 1 алинеја 6, а во врска со член 13, став 14 алинеја 10 и член 21 став 1 алинеја 1, од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, основачите на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија на основачката седница одржана на ден 27.05.2006 година ја донесоа следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на годишна членарина**
**од членовите на Институтот на овластени ревизори**

1. Со оваа одлука се утврдува годишната членарина на овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци и тоа:

- за овластените ревизори годишната членарина изнесува 6.000 денари.
- за друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци годишната членарина изнесува 1% од вкупно остварените приходи во претходната година."

2. Годишната членарина субјектите од точката 1 на оваа одлука се должни да ја уплатат најдоцна до 31 март за тековната година.

3. Средствата од членарините се уплатуваат на сметката на Институтот на овластени ревизори.

4. По исклучок на точките 1 и 2 од оваа одлука годишната членарина за 2006 година изнесува 1/2 (една половина) од утврдената годишна членарина, која се уплатува во рок од 60 дена од денот на одржувањето на основачкото собрание.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се применува и врз пресметката на членарината за 2009 година.

**Антонио Велјанов**
**Претседател на ИОРРМ**